Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. / Nr. 02-734/1
16.07.2026 год./viti
Скопје / Shkup

Врз основа на член 77-а став 1 и 2, 77-б, 77-г и 77-д од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25), согласно со Колективниот договор за културата, Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување на даватели на јавни услуги во Националната установа Македонски народен театар Скопје бр.04-150 од 22.02.2021 година и Известувањето за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии на РСМ, под бр. 19-5484/2 од 14.07.2026 година и Одлуката за објавување на Јавен оглас бр. 04-732/1 од 16.07.2026 година, НУ Македонски народен театар Скопје објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС
за вработување на неопределено време број 02-734/1

НУ Македонски народен театар Скопје, има потреба од вработување на неопределено време на давател на јавни услуги:

- **Друг стручен соработник во културата** (КУЛ 03 04 Г02 010) - 1 извршител, да има ниво на високо образование минимум 240 ЕКТС општествени науки/економија и бизнис и средно образование / средно уметничко училиште.
-Работно искуство: минимум пет години работно искуство во струката.
Основна нето-плата 54.396,00 денари.

Пријавата за огласот кандидатите може да ја преземат од веб-страницата на Театарот www.mnt.mk или да се подигне од архивата секој работен ден.

Кандидатите кон пријавата треба да приложат докази за исполнетост на општите услови за вработување и тоа:

-копија заверена на нотар или оригинално уверение за државјанство на Република Северна Македонија;
- да е полнолетен - на увид копија од лична карта;
-да има општа здравствена способност за работното место, оригинален документ не постар од 6 месеци,
- доказ за работно искуство и
- да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност, оригинален документ не постар од 6 месеци.

Покрај докази за исполнетост на општите услови за вработување, кандидатот треба да достави и докази за исполнетост на посебните услови за вработување, и тоа:

- диплома/ уверение за завршено образование, оригинал или копија заверена на нотар;

- кратка биографија.

Распоред на работното време за работното место **Друг стручен соработник во културата** се распределува согласно со програмските потреби за проби и претстави, од 08:30 до 16:30 часот, односно 40 часа неделно.

Јавниот оглас трае 15 дена од денот на објавувањето во дневниот печат.

Пријавата со потребните документи се доставува во хартиена форма во архивата на НУ МНТ, секој работен ден, во периодот од 9:00 до 14:00 часот или преку пошта на адреса ул. „11 Март“ бр.3, 1000 Скопје.

Пријавените кандидати со валидни и комплетни документи ќе се известат за одржувањето на интервјуто. Изборот ќе се изврши во рокот согласно со законските прописи и општи правни акти на Театарот.

НУ Македонски народен театар

Директор

Никола Кимовски